

Во еден од милионите документи на ЦИА се наоѓа и еден интересен документ од 5 јуни 1947 година насловен како „Македонија и Балканската федерација". Во овој документ пишува дека Бугарската комунистичка партија се согласила да го даде пиринскиот регион на Македонија, ако лидер на новата Балканска федерација биде Ѓорги Димитров, а не Јосип Броз Тито.



РЕШЕНИЕ ЗА БАЛКАНСКИТЕ ПРОБЛЕМИ

**Во документ на ЦИА од 1947: Во Балканската федерација Македонија со Пирин и Солун.**

Во еден од милионите документи на ЦИА се наоѓа и еден интересен документ од 5 јуни 1947 година насловен како „Македонија и Балканската федерација". Во овој документ пишува дека Бугарската комунистичка партија се согласила да го даде пиринскиот регион на Македонија, ако лидер на новата Балканска федерација биде Ѓорги Димитров, а не Јосип Броз Тито.

Според овој документ политбирото на Бугарската комунистичка партија во 1947 година

било подготвено на Македонија да му го отстапи пиринскиот регион како дел од решенијата за балканските проблеми. Како отстапка за ова, Бугарија сакаше да добие излез на Егејско море заедно со дел од грчко-бугарската граница, Македонија да го добие Солун, а лидерот на нивната партија, Ѓорги Димитров, а не Маршалот Тито (лидерот на Комунистичката партија на Југославија) да ја води Балканската федерација.

Бугарските комунисти како вовед за ова предложиле и договор за царинска и монетарна унија и блиска економска, културна, воена и политичка соработка.


Approved For Release 2006/01/31 : CIA-RDP82-00457R000600530005-6 33502

CONFIDENTIAL

SECRET/CONTROL
U. S. OFFICIALS ONLY

25X1

CENTRAL INTELLIGENCE GROUP
INTELLIGENCE REPORT

COUNTRY Bulgaria

SUBJECT Macedonia and the Balkan Federation

DATE: 25X1

DIST. 5 June 1947 25X1

PAGES

SUPPLEMENT

DISTRIBUTION 25X1

| STATE | WAR | NAVY | JUSTICE | R & E | C & D |
|---|---|---|---|---|---|

1. The Bulgarian Communist Party Politburo is willing to cede the Pirin area to Macedonia as part of the settlement of the Balkan problem. It is, however, asking guarantees of satisfaction for Bulgaria's claims as follows:

a. Bulgaria to receive an Aegean outlet with a hinterland to the Greek-Bulgarian frontier.

b. Macedonia to receive Salonika.

Во овој документ се споменува и Стела Благоева која во Москва требала го презентира овој предлог. Тука се и имињата на Христо Калајџиев и Владимир Поптомов, претставници на политбирото на БКП, кои имале специјални одговорности во врска со прашањето за Балканската федерација. Се споменува и некаква тајна средба со Никос Захариадис, водач на грчките комунисти во тоа време со лидерот на албанските комунисти на Кајмакчалан.

Централната разузнавачка агенција на САД (ЦИА) неодамна објави околу 13 милиони страници од нивните документи кои веќе не се доверливи и се достапни за јавноста.

